Според насоките од производителот (Abbott), потребен е уред со следниве спецификации:

- Оперативен систем Андроид 5.0 или понов, со **способност за NFC**
- iPhone 7 или понов, OS (оперативен систем) 11 или понов

За компатибилноста на Вашиот уред, може да ги проверите препорачаните уреди на следнава страница:
https://www.freestyle.abbott/ie/en/librelink/compatibility-guide.html

*кадрите од екран подолу се направени од Samsung A40, со стандарден софтвер Андроид в.11.

Во Google Play Store потребната апликација Libre Link не е вообичаено достапна.



Затоа, мора да се инсталира апликација која нуди VPN-услуга (VPN – Virtual Private Network), со цел да се „излаже“ дека телефонот е во друга држава.

Мојот личен избор е апликацијата Orbot, достапна бесплатно на Google Play Store.



По инсталацијата, од паѓачкото мени „Global (Auto)“ се избира државата за која се „лаже“ дека уредот се поврзува од неа. Најчесто се избира Germany или United Kingdom, но не е грешка и доколку си остане на „Global (Auto)“.
Државата што ќе се избере овде, е онаа држава за која „лажете“ дека се наоѓате, односно, уредот добива ИП-адреса (Интернет Протокол) од државата што ќе се одбере. (на пример, ако сакате апликација што е достапна во Германија, избирате Germany)
Исто така, важно е да се избере **VPN Mode!**



Се потврдува секакво предупредување што излегува и се согласувате со какво било поставување. Возможно е при овој чекор автоматски да се оди во Поставки (Settings) за телефонот каде се активира т.е. дозволува Orbot да врши изменувања на системот...




15:57
98%
Orbot
STOP
Connected to the Tor network
SOCKS: 9050 | HTTP: 8118
United Kingdom
VPN Mode
Download 0KiB/s / 0KiB
Upload 0KiB/s / 0KiB
Trouble connecting? Use Bridges
Tor-Enabled Apps
Full Device VPN

Следниот чекор е користење прелистувач по желба (лично претпочитам Mozilla Firefox).

Се оди до веб-страницата на Google Play Store и се пребарува за апликацијата. Во нашиов случај, тоа е LibreLink



Се кликнува на зеленото копче „Install“, после што ќе се побара да се најавите во ваша сметка. ВАЖНО Е ДА СЕ НАЈАВИТЕ СО СМЕТКА НА GOOGLE СО КОЈА СТЕ ВЕЌЕ НАЈАВЕНИ ВО УРЕДОТ КАДЕ ЌЕ СЕ ИНСТАЛИРА АПЛИКАЦИЈАТА




*Во оваа слика пишува Installed (Инсталирана) затоа што јас веќе ја имам инсталирано со истата сметка на друг уред (паметен Андроид телефон). По кликнувањето на зеленото копче Install (Инсталирана), ќе излезе список со уреди каде сметката е најавена и каде сакаме да ја инсталираме апликацијата.

Се пријавувате со сметка која е исто така најавена во уредот каде ќе се инсталира апликацијата.



Се избира уредот каде апликацијата е потребна.



Возможно е да се побара повторна најава во сметка, така што ќе биде потребно да бидете најавени на уред (Андроид) од каде ќе потврдите дека Вие сте оние што се најавуваат (најчесто тоа е со притискање на број што е ист како и прикажаниот). Ова може да биде и истиот телефон од каде се инсталира апликацијата.



Се потврдува дека сакаме да ја инсталираме апликацијата:



Се чека да се инсталира апликацијата...



Следно, се стартува апликацијата преку менито на телефонот (или преку почетниот екран доколку има икона за неа)






Следните чекори се ваш сопствен избор...
Се прифаќаат прикажаните договори (Договорот за лиценца / краен корисник, за користење на апликацијата, итн.), и доколку немате сметка при Abbott за Libre, креирате сметка (оваа сметка би Ви била корисна подоцна за создавање извештаи и печатење / преземање на истите преку прелистувач од интернет локацијата:
www.libreview.com

Сите упатства што Ви се потребни се прикажани на екранот.

*за какви било прашања, слободно контактирајте ме на:
zoki.sr@gmail.com